Воислав Д. КУШЕВСКИ

# ПОВОД ЗА СПОМНУВАЊЕТО НА ЕВРЕЈСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПРЕД СОВЕТОТ НА ДРУШТВОТО НА НАРОДИТЕ ВО 1926 ГОДИНА

Друштвото на народите (1920-1939) беше гарант на мировните договори, како и на заштитата на малцинствата. Потпирајќи се на дотичните клаузули за правата на расните, јазичните и верските малцинства, самостојните македонски организации го покренувале македонското прашање пред оваа меѓународна организација, но не како малцинско, туку врз основа на правото на народноста за самоопределување. Наспроти ова, политиката на тогашните режими на Бугарија и на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците - со оглед на познатото нивно ривалство околу Македонија, се сведувала на третирања на дел од македонскиот народ како свое ("бугарско" или "српско") малцинство, при што секоја од овие влади, водела политика на "заштита" на правата на "своето" малцинство во соседната држава. Со тоа своевидно се изразувале натамошните претензии кон завладување на Македонија, односно на зачувување на здобиените владенија во неа[1].

Владите пак на Грција, воделе политика да се ослободат од меѓународните обврски за заштитата на малцинствата (посебно словенските) во егејскиот дел на Македонија. Дури во грчкиот парламент не беа ратификувани одредбите за заштитата на малцинствата, инкорпорирани во Мировниот договор во Севр. Освен тоа, грчката дипломатија се надевала дека со Конвенцијата, (склучена меѓу Бугарија и Грција во 1919 година), за доброволна размена на малцинствата, ќе биде "решено" прашањето со словенското малцинство во Грција, по пат на иселување. Но овој проблем се изострил, особено по поразот на Грција во војната со Турција, која заврши со мирот во Лозана (1923), кога била потпишана нова Конвенција меѓу овие земји за задолжителна размена на малцинствата. Според неа, повеќе од милион Грци требало да се иселат од Турција и да се населат во Грција. Со тоа малцинското прашање се усложнило, особено во Грција, така што настанала "македонска бркотија" (macedonian tangle) со што ја возбудило не само европската јавност. Со новиот мир Грција била повторно задолжена со меѓународни обврски за заштита на малцинствата[2].

[1] Војо Кушевски, Обиди за поставувањето на македонското прашање пред Друштвото на народите. - Сп. Историја, Скопје, III/2 (1967), 53-73.

[2] Воислав Д. Кушевски, За појавата на "Абецедарот", Историја, Скопје, XIX/2 (1983), 179-189.

По овие настани, врз грчката дипломатија, посебно врз републиканската влада на генерал Пангалос, е вршен повторен притисок на примената на овие обврски. Затоа што се покажало дека грчките државници, воделе политика на забрзување на иселувањето на споменатите малцинства, а го забавувале извршувањето на договорот за заштитата, пред сè на тамошното словенско малцинство - Македонците, кои не мислеле да ги напуштаат своите имоти. Затоа, по пат на дипломатски притисок, на 29. IX 1924 година во Советот на Друштвото на народите (ДН) беа склучени т.н. "Мали протоколи" за заштита на грчкото малцинство во Бугарија, и бугарското во Грција, подразбирајќи ги овде и Македонците од Егејскиот дел на Македонија[3].

Меѓутоа, се покажало дека овој дипломатски акт бил непромислен и избрзан, зашто со овие протоколи, меѓу другото, биле погодени "интересите" на официјалниот Белград, кој не можел да се помири со тоа - грчката влада да ги третира Македонците во егејскиот дел на Македонија како "бугарско" малцинство. Притоа, Грчкиот парламент не го ратификувал Протоколот кој се однесувал за Грција[4]. На ова реагирал извршниот орган на ДН - Советот на ДН, кој на својата мартовска сесија 1925 година под претседателството на Остин Чемберлен, на грчката влада ѝ нареди во рок од два месеци, да преземе мерки за заштита на словенското население во Македонија, именувајќи го како "малцинство кое зборува словенски" (Slav speaking minority), и за тоа да го извести Советот[5].

Сфаќајќи ја ситуацијата за сериозна, на оваа седница бил упатен и присуствувал и стариот грчки политичар и државник, републиканецот Елефтериос Венизелос, за да може со својот авторитет и искуство, да ја правда и извлече од оваа незавидна положба во која се нашла грчката влада. По говорот на Чемберлен, тој зел збор. Не задржувајќи се на неговите критики на "Малите протоколи", укажуваме дека Венизелос настојувал да ги убеди членовите на Советот, дека во Грција, не се отфрлаат обврските за заштитата на малцинствата. За да го докаже тоа, информирал дека во Грција постојат малцински училишта, со нагласок дека тие постоеле таму уште од поодамна. Притоа, тој мислел на училиштата кои фунционирале уште од времето на Отоманското владеење во егејскиот дел на Македонија, т.е. пред балканските војни.

---

[3] Воислав Д. Кушевски, За појавата на "Абецедарот", Историја, Скопје, XIX/2 (1983), 179-189.

[4] Ibidem; Воислав Д. Кушевски.- За реагирањето и дипломатската преписка во Друштвото на народите по појавата на Абецедарот. - Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Книга 14 (40), 1987, Скопје, 95-110.

[5] United Nations Library and Archives,Geneva. - Doc. R. 1695, 41/42997/39349-XXXIII Session of the Council, Geneva, March 1935. (Communicated to the Council. C. 172. 1925. I; Види: Raport by Britich Representative и говорот на Е. Венизелос).

Имено, за да укаже дека и во тој дел на Македонија постојат малцински школи, првин наведува дека има второстепени куцовлашки во Гравена и 24 во целиот дистрикт - Македонија, вклучувајќи го и Солун.

Потоа, соопштува дека во Македонија постојат и еврејски училишта, едно еврејско во Костур и 14 второстепени (secundary school) и дека во Солун има 25 еврејски школи. Додава дека и во Леринска околија има куцовлашки второстепени училишта - едно во Епир и по едно во Превеза, покрај две еврејски училишта. Ги наведуваме и следниве зборови на Венизелос: "Јас ќе истакнам, патем, дека еврејските училишта во Солун се под управата на "Alliance Universelle Izraelité" и дека тие се првокласни училишта"[6].

Од овие податоци за распространетоста на еврејските школи во егејскиот дел на Македонија, кои ги навел Венизелос, импонира нивниот број и рашireноста на нивната мрежа. Ова своевидно осведочува за бројноста на еврејската популација во овој дел на Македонија, 14 второстепени, а 25 училишта само во Солун - едниот од тогаш познатите светски пристанишни и трговски центри.

Меѓутоа, треба да се согледа вистинската состојба на нештата, т.е. за политиката на грчките влади спрема малцинствата. Имено, во набројувањето на малцински училишта, Венизелос навел само куцовлашки и еврејски, зашто други такви немало! А со тоа се сакало да се докаже дека пред Советот на ДН, дека сепак, таму постојат малцински школи. Меѓутоа, мораме да свртиме внимание дека наведените влашки и еврејски школи таму постојат уште од времето на Отоманската империја, пред 1912 година, кога имало и грчки, егзархиски и српски школи! А тоа значи дека постоењето на наведените од Венизелос малцински школи, куцовлашки и еврејски, не се резултат на грчката политика према малцинствата! Сведоштво за ова е и фактот што еврејските се основани, издржавани и раководени од Сеопштиот Еврејски Сојуз ("Allience Universelle Izraelité"). А тоа што Венизелос ги пофалил еврејските училишта како "првокласни", наведува на мисла дека нивната солидна поставеност, организацијата и квалитетот, се резултат на нивната подолга традиција.

Од изнесеното, значи е јасно дека во јужниот дел на Македонија, Венизелос, освен ромунски и еврејски, не можел да наведе други малцински училишта во 1925 година, т.е. пет години од стапувањето во сила на Пактот на ДН. Очевидно е овде отсуството на училишта на словенското малцинство - за Македонците во тој дел на Македонија и дека тие биле дискриминирани. Грчките дипломати отворено заговарале иселување на словенското малцинство во Грција. "Стравот од Северот" не допуштал ниту бугарска ниту просрпска пропаганда сред тамошните Македонци!

---

[6] Ibidem.

За ваквата своја политика спрема словенското малцинство (Осудено на асимилација или иселување), грчките дипломати се правдале со познатите нивни изговори. И Венизелос, откако признал дека "не постојат во овој момент училишта за населението кое што зборува словенски" во Македонија, предупредил дека доколку Протоколот бил ратификуван, во Грција можело да избие и граѓанска војна, или промена на влада, или нестабилност на режимот. Од друга страна, информирал дека среде македонското малцинство во Македонија, постојат 49.000 "кандидати емигранти"[7]. И ова е своевиден изговор, зашто Македонците во југозападниот дел од егејскиот дел на Македонија, главно си останаа на своите огништа меѓу двете светски војни.

Меѓутоа, ниту изговорите и правдањата на Венизелос, ниту набројувањето на еврејските училишта не ги разубедиле, ниту одвратиле членовите на Советот на ДН, на чело со Остин Чемберлен, од нивната намера - на грчката влада да ѝ наложат во рок од два месеца да го извести Советот за мерките што треба да ги преземе за остварување одредбите за заштитата на "малцинството кое говори словенски" (Slav speaking minority) во Егејскиот дел на Македонија[8].

Доколку станува збор за епилогот, информираме дека грчката влада одговорила на ова барање на Советот на ДН, само со изработување и издавање буквар на јазикот на Македонците, наречен "Абецедар" - но отпечатен на латиница, и тоа во земја во која настанала словенската азбука (глаголицата и кирилицата), употребувана со векови не само од овдешните Словени[9]. (Тоа што букварот бил отпечатен на латиница, потсетува на "Данајскиот подарок") Впрочем, и како таков, овој буквар, набргу по неговото излегување од печат, бил забранет од грчките власти![10]

*   *
*

На крајот би сакале да укажеме дека во историјата сè е во движење и дека развитокот доведува до менливи состојби. Во оваа смисла, обично е присутно во свеста на истражувачите, а и пошироко, за обесправеноста и страдањата за Евреите во историјата, како малцинство посебно од времето на Втората светска војна.

---

[7] Ibidem.

[8] League of nations. Official Journal, Council,Geneva, 6 th Year, No.7, July 1925, p. 950, 951, 876; Annex 772, C. 296 (I). 1925 (I).

[9] Ibidem.

[10] Andonovski Hristo, To the photoprint edition od Abecedar (1925-1985) /Foreword/. - ABECEDAR - Јубилејно издание (1925-1985), Второ издание, - Македонска ревија, Скопје, 1985, п. 10 (Supplement).

D-r Voislav D. Kushevski, A Testimony of the existence of the Macedonian people. - ABECEDAR, Јубилејно издание (1925, 1985), Второ јубилејно издание, Македонска ревија, Скопје 85, 18-20.

Но, овде, во случајов, Евреите - како малцинство - имале своја културна автономија, свои училишта и самоуправно конфесионално организирање и сл., додека македонското словенско малцинство во Грција било подложено на асимилација, без свои училишта, без богослужба на црквенословенски јазик и воопшто обесправено, подгонувано дури и да се иселува од своите домови и имоти.

Voislav KUSHEVSKI

## A REASON FOR MENTIONING OF THE JEWISH MINORITY IN THE SOUTHERN PART OF MACEDONIA BEFORE THE COUNCIL OF THE LEAGUE OF NATIONS IN 1925

(Summary)

The League of Nations (1920-1939) was preocupied with the protection of the minorities in the Balkan. Some of the Balkan states refused to implement the treaties refering to the minorities on the Macedonian territory. Among them was Greece. However in March of 1925, the Council forced Greek Government to take some measures regarding this issue. At that time, Elefteros Venizelos tried to justify the policy of his government in regard of the minority question and informed that in Aegean part of Macedonia there are Kutsovlah's and Jewish's schools. But, the question is that they existed since the time of Ottoman Empire, i.e., before Greece obtained the Aegean Macedonia after the Balkan Wars.

Regardless to this Venizelos's explenation the Concil of the League of Nations ordered Greek Government to take some measures towards cultural autonomy of the Macedonian national minority in the mentioned part od Macedonia which was not only suppressed to assimilation, but also to displacement.